## 8. ТЕОРИЈА НА ИГРИ
## (дополнителни задачи)

**1.** Нека е дадена игра со следната табела на исплати (за играчот 1):

| Стратегија | | Играч 2 | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Играч 1 | 1 | 2 | -3 | -1 | 1 |
| | 2 | -1 | 1 | -2 | 2 |
| | 3 | -1 | 2 | -1 | 3 |

Одреди ги оптималните стратегии за секој од играчите со последователно елиминирање на доминираните стратегии. Состави листа од доминираните стратегии и соодветните доминантни стратегии по редоследот по кој се елиминирани.

**2.** Најди ја седлестата точка на играта дадена со следната табела на исплати (за играчот 1):

| Стратегија | | Играч 2 | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 |
| Играч 1 | 1 | 1 | -1 | 1 |
| | 2 | -2 | 0 | 3 |
| | 3 | 3 | 1 | 2 |

Искористи го Minimax критериумот и најди ги најдобрите стратегии за секој од играчите. Дали играта има седлеста точка? Дали играта е стабилна?

**3.** Нека е дадена игра со следната табела на исплати (за играчот 1):

| Стратегија | | Играч 2 | |
|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 |
| Играч 1 | 1 | 3 | -2 |
| | 2 | -1 | 2 |

Со графичката процедура одреди ја вредноста на играта и најди ги оптималните мешани стратегии за секој од играчите според minimax критериумот за очекувана исплата. Провери ја најдената оптимална стратегија за играчот 2 со конструирање на табела на исплати за играчот 2 и директна примена на графичката процедура.

**4.** За секоја од дадените табели на исплати, одреди ги оптималните стратегии за секој од играчите со последователно елиминирање на доминираните стратегии. Состави листа од доминираните стратегии и соодветните доминантни стратегии по редоследот по кој се елиминирани.

а)

| Стратегија | | Играч 2 | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 |
| Играч 1 | 1 | -3 | 1 | 2 |
| | 2 | 1 | 2 | 1 |
| | 3 | 1 | 0 | -2 |

б)

| Стратегија | | Играч 2 | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 |
| Играч 1 | 1 | 1 | 2 | 0 |
| | 2 | 2 | -3 | -2 |
| | 3 | 0 | 3 | -1 |

**5.** Најди ја седлестата точка на играта дадена со следната табела на исплати (за играчот 1):

| Стратегија | | Играч 2 | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **1** | **2** | **3** | **4** |
| **Играч 1** | **1** | 3 | -3 | -2 | -4 |
| | **2** | -4 | -2 | -1 | 1 |
| | **3** | 1 | -1 | 2 | 0 |

Искористи го Minimax критериумот и најди ги најдобрите стратегии за секој од играчите. Дали играта има седлеста точка? Дали играта е стабилна?

**6.** За секоја од следните табели на исплати, со користење на графичката процедура, одреди ја вредноста на играта и оптималните мешани стратегии за секој од играчите според minimax критериумот за очекувана исплата.

а)

| Стратегија | | Играч 2 | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **1** | **2** | **3** |
| **Играч 1** | **1** | 4 | 3 | 1 |
| | **2** | 0 | 1 | 2 |

б)

| Стратегија | | Играч 2 | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **1** | **2** | **3** |
| **Играч 1** | **1** | 1 | -1 | 3 |
| | **2** | 0 | 4 | 1 |
| | **3** | 3 | -2 | 5 |
| | **4** | -3 | 6 | -2 |